РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-31
18.11.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

До:

Предмет: Одговор на Претставка

Почитувана,

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ја разгледа Вашата Претставка (наш број УПП 03-31 од 09.11.2026 г.), во којашто реагирате на употребата на македонскиот јазик од страна на една од водителките на емисијата „Stars show“, што се емитува на Телевизија Канал 5.

Ве информираме дека Агенцијата прегледа две изданија на забавната емисија „Stars show“, емитувани на 1 и 8 ноември 2026 година. Во првата емисија гостин е црногорскиот пејач а во втората гости се актерката и пејачка и музичарот , како дел од бендот „Скопје виа“. Емисијата има две водителки, уредничката на емисијата на којашто македонскиот јазик не и е мајчин јазик. Разговорите со гостите во емисијата доминантно ги води уредничката . Во рамки на емисијата има рубрика насловена „Мама драма“ за којашто е задолжена втората водителка, им поставува кратки прашања на гостите и тие одговараат. Точно е дека водителката говори македонски јазик со специфичен акцент и изговор што е сосема разбирливо за некој на којшто македонскиот јазик не му е мајчин, но се потрудил да го научи и говори. Прашањата што ги поставува водителката се речиси целосно разбирливи за гостите. Од снимките е видливо дека гостите ги разбираат прашањата на македонски јазик прочитани од водителката и на најголем дел од нив одговараат без потреба од повторување или дополнително објаснување. Дури и црногорскиот пејач, на којшто исто така не му е мајчин македонскиот јазик, одговара соодветно на прашањата на водителката.

Телевизија Канал 5, почитувајќи ги програмските начела утврдени во член 47-а од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, пред се начелото за поттикнување на духот на толеранцијата, заемното почитување и разбирање меѓу индивидуите од различно етничко и културно потекло, како и начелото за отвореност на програмите за изразување на различните култури што се составен дел на општеството, постапила во духот на начелата, одвојувајќи простор за емисијата на нејзината програма.

Како општество треба да имаме поголемо разбирање и толеранција за странските говорители на македонскиот јазик. Посебно кон оние коишто живеат во нашата земја, имаат оформено семејство тука и се трудат да го научат и говорат македонскиот јазик, со цел да се вклопат во нашето општество, каков што е случајот со водителката Ема Блажевска.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

**ул. Македонија бр.38
1000 Скопје**

За Вашата претставка, во анонимизирана форма, ќе биде известена и Телевизија Канал 5.

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Директор

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ